# *Соопштение до медиуми*

Roche

*Скопје 28.12.2011*

## Roche им подари Новогодишни пакетчиња на децата од Центарот за цистична фиброза при Клиниката за детски болести

По повод претстојните Новогодишни и Божикни празници, денес претставници од Претставништвото на фармацевтската компанија Roche во Македонија, на децата од Центарот за цистична фиброза при Клиниката за детски болести им подарија 45 Новогодишни пакетчиња.

На овој начин Roche ја продолжува традицијата. Имено, во 2009 и 2010 година Roche на ваков симболичен начин им ја честиташе Новата година и празниците на дечињата од Центарот за цистична фиброза при Клиниката за детски болести во Скопје.

Освен преку Новогодишните пакетчиња Roche во изминатиот период направи напори да им ја олесни состојбата и да ги подобри условите во кои се третираат дечињата со цистична фиброза и на тој начин што помогна во реновирање на просторијата за пациентите и лекарскиот кабинет во Центарот за цистична фиброза при Клиниката за детски болести во Скопје. Исто така, со цел да се поедностави примањето на неопходната терапија беа донирани 20 инхалатори за децата со цистична фиброза.

Roche и во иднина, како дел од своите заложби за подршка на општествено корисни активности и проекти ќе се залага за подобрување и унапредување на условите во здравството, со крајна цел подобрување на квалитетот на живот на дечињата со цистична фиброза.

**F. Hoffmann-La Roche Ltd**
**Претставништво Скопје**

Деловен Центар МИ-ДА
Октомвриска Револуција 18
1000 Скопје
Македонија

Тел. 02 3103-500
Факс. 02 3 103 505
www.roche.mk